Машински факултет
Број 02-1477/1
28.10.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во согласност со точка 3 и 4 од Одлуката за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година број 02-1352/1 од 30.09.2021 година, на предлог на Деканатската управа„ Наставно-научниот совет на Факултетот, на $17^{\text{-та}}$ редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 28 октомври 2021 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за усвојување на работниот календар за одржување лабораториски вежби и на први тестови во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година

1. Се усвојува работниот календар според кој во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година се организираат лабораториските вежби со физичко присуство за предмети од трета и четврта година на студии и првите тестови за сите предмети кои се слушаат во зимскиот семестар на студиските програми на прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Лабораториските вежби со физичко присуство ќе се реализираат во периодот од една седмица, и тоа од 15 ноември – 19 ноември 2021 година, за предметите од трета и четврта година на студии определени од предметниот наставник, задолжително во термините утврдени со распоредот за вежби со физичко присуство и со почитување на важечките протоколи за заштита од вирусот Ковид-19.

3. Првите тестови за сите предмети кои се слушаат во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година задолжително ќе се спроведат во девет дена, во периодот 20 ноември – 28 ноември 2021 година.

Тестовите со физичко присуство ќе се спроведат во периодот 22 ноември – 26 ноември 2021 год., задолжително во термините утврдени со распоредот за тестови со физичко присуство и со почитување на важечките протоколи за заштита од вирусот Ковид-19.

Задолжителни термини за тестовите за предметите за кои наставниците се изјасниле дека ќе се спроведат on-line се 20 и 21 ноември 2021 година и 27 и 28 ноември 2021 година, а ќе се одржат во термините утврдени со распоредот за тестови кои ќе се спроведат on-line.

4. Евентуален дополнителен термин за спроведување на тестови on-line е 26 ноември 2021 година, но само под услов да нема конфликт со групите и предметите за кои тестовите се спроведуваат со физичко присуство, како правило утврдено со Одлуката на Советот за организирање на наставата во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година.

5. Термините и правилата утврдени со оваа одлука за одржување на лабораториски вежби со физичко присуство и за спроведување на првите тестови за предметите кои се слушаат во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година се задолжителни за сите наставници и студенти.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, веб страна, огласна табла, студентска служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев, с.р.